*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-195*
*29.08.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
**Детален Урбанистички план на дел од Урбан четврт си 07.03 со намена Д3 од ГУП на Град Штип, Општина Штип, плански период: 2024 – 2029** /плански опфат: на север со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10, на запад по осовина на ул. Петта партиска конференција, на југ по осовина на ул Панче Караѓозов и на исток по осовина на ул. Борис Крајгер/

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен **Детален Урбанистички план на дел од Урбан четврт си 07.03 со намена Д3 од ГУП на Град Штип, Општина Штип, плански период: 2024 – 2029** /плански опфат: на север со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10, на запад по осовина на ул. Петта партиска конференција, на југ по осовина на ул Панче Караѓозов и на исток по осовина на ул. Борис Крајгер/

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- од север опфатот се граничи со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица „Борис Крајгер";
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на улица „Панче Караѓозов";
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „5-та Партиска конференција".

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за **Детален Урбанистички план на дел од Урбан четврт си 07.03 со намена Д3 од ГУП на Град Штип, Општина Штип, плански период: 2024 – 2029** /плански опфат: на север со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10, на запад по осовина на ул. Петта партиска конференција, на југ по осовина на ул Панче



Scanned with CamScanner

Караѓозов и на исток по осовина на ул. Борис Крајгер/ вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 11.841,82 $м^2$.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одражување на јавната анкета и јавната презентација по **Детален Урбанистички план на дел од Урбан четврт си 07.03 со намена ДЗ од ГУП на Град Штип, Општина Штип, плански период: 2024 – 2029** /плански опфат: на север со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10, на запад по осовина на ул. Петта партиска конференција, на југ по осовина на ул Панче Караѓозов и на исток по осовина на ул. Борис Крајгер/ ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 17 септември 2024 (вторник) до 16 октомври 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 9 октомври (среда) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку



Scanned with CamScanner

информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

ОПШТИНА ШТИП
Градоначалник
Иван Јорданов



Scanned with CamScanner